# Неда Украден и Жак Хоудек во Скопје





Српската поп-ѕвезда Неда Украден и хрватскиот поп-пејач Жак Хоудек во среда доаѓаат во Скопје како гости на хитмејкерот Григор Копров. Неда и Жак ќе имаат двојна промоција, задутре на пладне во кафе "Експириенс".

Жак Хоудек ќе го промовира спотот за дуетската песна со Наде Талевска, "Остани во мене", кој го изработи ХД гејм продукција, а го режираше Бобан Ефтески. "Остани во мене" е оригинална верзија на Калиопи и на Ромео Грил снимена во 1986 година, авторска песна на Григор Копров, а хрватскиот пејач минатиот месец ја сними во дует со младата поп-пејачка Наде Талевска.

Неда Украден пак, пред македонската публика ќе го промовира новиот албум "Да се најдеме на половина пат" и спотот за истоимената песна. Жак Хоудек и Неда Украден беа специјални гости на фестивалот Охрид фест- Охридски трубадури минатото лето. Хоудек беше гостин и на Василичарскиот концерт во МОБ на 12 јануари, каде што "Остана во мене" ја испеа во дует со Калиопи. *(М.Џ.)*

# Спотот на Памперс на Ем-Ти-Ви

Вечерва, на регионалниот Ем-Ти-Ви, во 20 часот премиерно ќе биде прикажан најновиот спот на македонскиот бенд "Памперс", за песната "Свет Без Лимит". Спотот во исто време ќе се врти на Ем-Ти-Ви цела недела.



"Памперс" доаѓаат од Битола, на музичката сцена се од 2003 година. Познати се по својот прогресивен глам рок, но и по бројните експерименти со другите музички стилови како џез, рок и електронска музика. Зад себе имаат многу настапи по фестивали во Македонија, но и во регионот, како што се: Таксират, Битола Отворен Град, Макфест, Три фестивал во Солун и други. Настапувале и како предгрупа на турнеите на "Рибља Чорба", "Мизар", "Архангел", "Суперхикс" и "Ласт Експедишн".

На почетокот од оваа година, бендот ја заврши работата на новиот студиски албум. *(М.Џ.)*

# Златна бубамара - филм кој не се пропушта

"За сите пушачи и анти пушачи" е слоганот на годинешнава "Златна бубамара на популарноста", манифестација која ќе се одржи на 25-ти февруари во Универзалната сала.

Екипата на Златна бубамара, во свој духовит стил го најавува настанот. Слоганот кој го најавува сценариото вели: "За сите пушачи и анти пушачи, и за сите оние кои сакаат да се откажат од се. Да поминеме низ триумфалната порта на смеата, љубовта и големите дела. Ова е филмот кој не смеете да го пропуштите", вели радио рекламата во која е вметнат и гласот на Големиот брат кој вели: Ги повикувам сите домашни.



*Гаро Тавитјан лани доби Златна бубамара за животно дело*

Манифестацијата која секоја година ги наградува најпопуларните од јавниот живот, е во режија на "Рок Барок Академија".

- Како и секоја година не го откриваме сценариото и гостите, како дел од формулата за успех на манифестацијата која во последниве 8 години важи за еден од најголемите настани, а со тоа и највредна награда на Балканот - велат од Штабот на Бубамара.

Билетите ќе се продаваат од сабота од 16 часот на билетарата на Универзална сала. *(М.Џ.)*